Бр. 03-37/1

Скопје 03-01-2014г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Бул. ВМРО бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Тел.(02) 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact @avmu.mk

**До: Сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи со регистрирани програмски пакети во Советот за радиодифузија**

**За: Управителот/директорот**

**Предмет: Правата и обврските на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и роковите за нивно исполнување, согласно Законот за аудио и аудиовузуелни медиумски услуги**

Почитувани,

Од 3 јануари 2014 година влегува во сила Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр. 184/2013).

Интегралниот текст на Законот ќе биде објавен на новата веб страница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (www.avmu.mk), која е правен наследник на Советот за радиодифузија. Во продолжение на дописов Ве информираме за правата и обврските кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ќе ги имаат согласно овој закон. Некои од обврските се исти како и досегашните, некои се видоизменети, а некои се нови:

1. Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи се овластени и должни да вршат емитување и реемитување програмски сервиси;

2. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија (во натамошниот текст Агенцијата) има право и обврска да врши програмски надзор на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи (член 28 од Законот);

3. Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој се оригинално произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите (член 64 став 2 од Законот);

4. Секој оператор, пред да започне со реемитување на програмски сервиси, е должен да достави пријава за негово евидентирање во регистарот на оператори на Агенцијата, со содржина што ја определуваат Законот и подзаконскиот акт на Агенцијата. Тој е должен за секоја промена на податоците од пријавата за евидентирање, да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена по настанатата промена (член 141 став 1, 2, 3 и 11 од Законот);

5. Операторите се должни, врз основа на налог на Агенцијата, веднаш да ги исклучат нерегистрираните програмски сервиси (член 141 став 13 од Законот);

6. Пријавата за евидентирање во регистарот на оператори и регистрација на програмските сервиси може да се врши и по електронски пат (член 141 став 16 од Законот);

7. Операторот кој реемитува програмски сервиси плаќа годишен надоместок за надзорот кој го врши Агенцијата. Тој е должен да го достави извештајот за висината на вкупниот годишен приход најдоцна до 15 март во тековната година, а годишниот надоместок да го плати најдоцна до 15 април во тековната година (член 142 став 1, 3 и 4 од Законот);

8. Операторот може да реемитува домашни програмски сервиси во рамките на нивната сервисна зона и врз основа на регулирани авторски и сродни права (член 143 став 1 од Законот);

9. Сите оператори мора задолжително и бесплатно да ги реемитуваат програмите на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од радиодифузната такса (член 143 став 3 од Законот);

10. Операторот во претплатничките договори мора да ја наведе листата на програмските сервиси, што во моментот ги реемитува во својот програмски пакет (член 143 став 4 од Законот);

11. Операторот е должен да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето програмски сервиси (член 153 став 5 од Законот);

12. Ако операторот воспостави интерен телевизиски канал, излезниот сигнал на тој канал мора да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето (член 144 став 1 од Законот);

13. Операторот не смее да го попречува слободниот прием на радио и телевизиските програмски сервиси што се емитуваат преку терестријален предавател (член 144 став 2 од Законот);

14. Операторите кои реемитуваат програмски сервиси се должни својот излезен сигнал континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање сигнали (член 144 став 3 од Законот);

15. Постојните оператори кои реемитуваат програмски сервиси се должни во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на Законот до Агенцијата да доставаат пријава за регистрација (член 154 став 3 од Законот).

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги на РМ
Претседател,

Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

*Подготвиле и одобриле: Владимир Ѓорѓиески и Слободан Беличански*